**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Број: 08-542/9
08.06.2020 год.

Врз основа на член 126 став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-542/3 од 06.04.2020г. од страна на барателот Друштво за производство на предиво и конец Ветекс АД Велес со регистрирано седиште на ул. Вардарска бр.50 Велес, оператор на инсталација за обработка на памук и синтетички влакна и производство на предиво и различни видови на конци со производствен капацитет од 2,5 т/ден, лоцирана на ул. Вардарска бр. 50 Велес, а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ

***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштвото за производство на предиво и конец Ветекс АД Велес со седиште на ул. Вардарска бр.50 Велес, за инсталација за обработка на памук и синтетички влакна и производство на предиво и различни видови на конци со производствен капацитет од 2,5 т/ден, лоцирана на ул. Вардарска бр. 50 Велес.

2 **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Друштво за производство на предиво и конец Ветекс АД Велес при користење и управување со инсталацијата лоцирана на ул. Вардарска бр. 50 Велес да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-542/8 од 08.06.2020г.

3 Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за производство на предиво и конец Ветекс АД Велес, со регистрирано седиште на ул. Вардарска бр. 50, Велес до Градоначалникот на Општина Велес поднесе Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр.23-4256/1 од 01.11.2019г.,за инсталација за обработка на памук и синтетички влакна и производство на предиво и различни видови на конци со производствен капацитет од 2,5 т/ден, лоцирана на ул. Вардарска бр. 50 Велес.

Врз основа на увид во барањето и Записник со бр. 23-156/1 од 10.01.2020г. од извршен инспекциски надзор, донесен е Заклучок со бр. 08-542/1 од 29.01.2020г. за измена и дополнување на Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола. заради негова некомплетност.

Од страна на барателот/операторот е доставено целосно Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 23-542/3 од 06.04.2020г.

Врз основа на целосното барање, а по спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, согласно член 126 и 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение операторот на инсталацијата и засегнатите правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

***Доставено до:***
- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес

Аце Коцевски

Изготвил: ДП
Контролирал: БШМ